...МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKAE...
...КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ...ЦИЈАТА
...TETEVE PER PARANADALIM ... KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
06-07-2022
Број Numri | Прилог Shtojcë
03 – 6815/1

( Образец ПП……)

**До: Државна Комисија за спречување на корупција**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Број на пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси за април, мај и јуни 2022 година;**
**Број на покренати предмети по пријави за април, мај и јуни 2022 година;**
**Број на покренати предмети по сопствена иницјатива за април, мај и јуни 2022 година;**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до

информација од јавен карактер.

**Во 06, 07. 2022 година .** ______________________ [redacted]
(доколку [redacted] хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 03-6815/2
18-07-2022 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-6815/1 од 06.07.2022 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-6815/1 од 06.07.2022 година, доставено од [redacted], преку електронска форма (е-маил) до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација на начин наведено во барањето.

Решението не содржи образложение, согласно член 90 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 14 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

**Да се достави до:**
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 03-6815/3

18-07-2022 г./v.

До
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-6815/1 од 06.07.2022 година, со кое барате:

*„Број на пријави од граѓани со сомневања за постоење на коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење судир на интереси за април, мај и јуни 2022 година;*
*Број на покренати предмети по пријави за април, мај и јуни 2022 година;*
*Број на покренати предмети по сопствена иницијатива за април, мај и јуни 2022 година“* Ве известуваме за следното:

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Во периодот за април, мај и јуни 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 166 предмети поради постоење на сомнеж за корупција и злоупотреба на јавната функција од кои 162 предмет се оформени по доставени пријави а 4 предмети по сопствена иницијатива.

Во периодот за април, мај и јуни 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 59 предмети поради постоење судир на интереси, од кои 42 предмети се оформени по доставени пријави, а по сопствена иницијатива Државната комисија има покренати 17 предмети.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во периодот за јануари-февруари 2022 година, Државната комисија во рамките на своите надлежности има оформено вкупно 69 предмети од областа на евидентирањето и следењето на имотната состојба, од кои 7 предмети се оформени по доставени пријави а 62 предмети по сопствена иницијатива.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен: